# ПРЕСПА




ВЕСНИК НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА

ГОДИНА IX | БРОЈ 53 | ПУСТЕЦ - АЛБАНИЈА | ОКТОМВРИ 2007 ГОД.



**Младите почнаа да ја пишуваат историјата** стр. 2

**Власта во Пустец донесе одлуки во интерес на жителите** стр. 3

**Светски универзитетски град ќе никне во Глобочани** стр. 3

**Македонското МНР ни подари информатичка опрема** стр. 4



**Замина македонскиот ангел** стр. 6

**НА 27 ОКТОМВРИ 2007 ГОДИНА ВО ТИРАНА**



*Со помош на донации, волја и божја вера велелепната црква во Пустец се крена кон небото*

# Прв Конгрес на Македонска Алијанса за Европска Интеграција

Врз база на протоколот, политичката платформа и статутот на партијата Македонска алијанса за европска интеграција.

Врз база на основачките документи и регистрирањето на партијата во надлежните органи на Република Албанија.

Според искуствата во политичките битки во времето на локалните избори што се одржаа на 18 февруари 2007 година, во Албанија.

Секретаријатот на партијата Македонска алијанса за европска интеграција на состанокот одржан на 12 јули 2007 година едногласно одлучи:

1. Одржување на Првиот конгрес на партијата Македонска алијанса за европска интеграција, на ден сабота, на 27 октомври 2007, во градот Тирана.

Така почнува документот раширен секаде каде што има структура на македонската партија, кој содржи и внатрешен правилник за функционирање и за организирање на партијата, како и задачи што треба да ги преземе самиот Секретаријат и другите структури на партијата за Конгресот да се одржи и да работи во добри услови за да се постигне и целта на одржувањето на Конгресот.

*На Првиот Конгрес на МАЕИ се предвидува да се соберат околу 200 делегати од сите места каде се наоѓаат Македонците - ќе дојдат од Гора, Голобрдо, Преспа, Маќелара, Врбник, Кукес, Пешкопеја, Тирана, Драч, Елбасан, Либраж, Прењас, Поградец, Корча, Белиште, Берат, Патос, Фиер, Валона и други*

Така што втор пат (бидејќи прв пат се случи на Конгресот на младите Македонци во Албанијам кој се одржа годинава во градот Корча) Македонците од сите краишта на Албанија ќе се соберат во Тирана и ќе си ја кројат својата иднина во сите правци на животот, анализирајќи ги досегашните постигнувања и поставувајќи ги точките на понатамошниот развој под раководство на партијата Македонска алијанса за европска интеграција.

**(Продолжува на стр.3)**

**„ПРЕСПА“ СЕ МОДЕРНИЗИРА**

# Македонското МНР ни подари информатичка опрема

Одделението за дијаспора на Министервтото за надворешни работи на Република Македонија неодамна му подари информатичка опрема на весникот „Преспа“. Опремата се состои од еден персонален компјутер, скенер, печатач, дигитален фотопарат, факс машина.

Со оваа опрема „Преспа“ зачекорува во нова ера, во ерата на технолошка револуција. Се надеваме дека наскоро целиот весник ќе го правиме на компјутери, дека ќе имаме редакција која самата ќе си прави весник. Како што се вели - Да застанеме на свои нозе.

Откако нашиот и Ваш весник го ставивме на интернет со помош на весникот „Дневник“ во Скопје, ова е уште еден чекор напред во модернизирањето на Редакцијата. Наскоро ќе правиме модерен весник кој ќе го читаат македонските семејства во Албанија. Планираме и воведување нови содржини, особено ќе водиме грижа за најмладите за кои предвидуваме да имаат нивна страница, а планираме и вредни награди за најдобрите ученици кои се истакнуваат на сите полиња.

Конечно, на пат сме да ја оствариме и дамнешната идеја за формирање на една регионална мрежа за размена на информации меѓу Македонците кои живеат во соседните земји.

Подарокот од Министерството за надворешни работи лично ни го предаде господин Данчо Марковски, кој беше придружуван од неговиот соработник Стево Симски. Тие имаат и долготраен разговор со градоначалникот на Преспа, господин Едмонд Темелко, при што разменија мислења за повеќе значајни проекти од интерес на Општината и пошироко.

Редакцијата на „Преспа“ е бескрајно благодарна за овој вреден подарок од Одделението за дијаспора.

*Х. Ивановски*



*Гоце Георѓиевски (лево) од македонската амбасада во Тирана, Васил Стерјовски, Едмонд Темелко и Данчо Марковски на примопредавањето на компјутерската опрема што се одржа во општинската зграда во Пустец*

**ВПЕЧАТОЦИ ОД ПРЕСПА**

# Емисарите дојдоа, видоа, ветија... кај се сега?

*Преспа не е таа истата кога за прв пат ја видов пред петнаесетина години, се градат нови куќи кои ми личат на грст бисери меѓу зелените шуми и бистрите езерски води - но крај Езерото ништо државата не изградила, а знам дека и од Република Македонија многу нешта се ветувале кога имало избори*

Сега, кога ги пишувам овие редови, сум, којзнае којпат, во Леска, Мала Преспа, кај моите мили пријатели, кои можам со гордост да ги наречам - мои браќа и сестри, кај Митра, Живко, кај неговите синој Ѓерѓи и Бени со невестите, кај внуците и други селани на Леска, кои ме сакаат и ги сакам од срце, а ги запознав пред петнаесетина години.

Јас седам покрај едно масиче во дворот на куќата на Митра, гледам наоколу и се мислам. Се мислам и ја споредувам сегашната глетка со некогашната, со таа пред петнаесетина години, кога ја видов и ја стапнав прв пат Леска, ја стапнав Преспа под Албанија. Митра оди надолу, нагоре, лево, десно, внатре, надвор низ дворовите, во куќите, готви јадење за мене, за своите деца и внуци што ги има тука и, се пушта по мобилниот, кој ѕвони. Сигурно е синот Ѓорѓија или мажот ѝ Живко, кои се во Грција - едниот во Атина, адругиот во леринските села. Работат луѓето и печалат. Митра зборува на телефон, а јас се занесувам во глетката пред мене, во мислите, во сеќавањата. Пред мене гледам две прекрасни куќи, на двата синој на Митра. Тие ми личат на викендичките на Водно, на Нижополе, на... Го вртам погледот надолу, нагоре и забележувам дека целото село Леска е со нови куќи, со вистински туристички згради, каде што човек може да се одмори, да се опушти и да живее како човек по напорниот ден на работа. Преубави се и селата Пустец и Шулин, кои ги гледам од балконите на куќите на Митра. Тие ми личат на грст бели бисери, кои светат од сончевите зраци меѓу зелените шуми и ливади покрај Преспанско Езеро. А Митра ми вели дека така уредени се речиси сите нови куќи се сите села на Преспа. Мене ми се полни срцето со радост токму затоа што ги гледам овие убавини, овие напредувања на овие наши браќа и сестри кои повеќе од 80 години беа заборавени и запоставени од својата матична држава - Македонија.

Мислејќи така, се сеќавам на далечната 91-ва година, кога прв пат почна да се зборува по весници, радио и телевизии низ Македонија дека имало Македонци и во Албанија, дека тие ги искинале жичните огради на границата помеѓу државите и пробиле кон Македонија. Се кажуваше дека тие биле бетер сиромаси, гладни, бедни, дека имале потреба од храна, облека, обувки и сѐ друго што е неопходно за еден човечки живот. Се зборуваше дека многу организации, здруженија, претпријатија и др. подготвувале донации за Македонците во Преспа и пошироко во Албанија. И ние од претпријатието „Алкалоид“, каде што и јас бев вработена, решивме да собираме помош во облека и обувки за нашите во Преспа. Јас, меѓу другите алишта, купив и еден костим во чии џебови ставив и едно ливче на кое напишав дека тој што ќе го добие да ми се јави на мојот телефон или адреса со желба да се запознаеме, да се спријателиме, да се збратимиме и да останеме вечни пријатели. Костимот со ливчето падна во куќата на Живко и Митра, кои, веднаш ми одговорија со благодарници. Така и почна нашето пријателство. А јас, по покана на Митра и Живко, „отрчав“ од Скопје во Преспа, во Леска, кај моите нови пријатели. Со зборови не може да се опише таа прва средба, таа радост и среќа што ја имавме тогаш во нас.

Потоа, јас прошетав низ селото, погледнав секаде и забележав навистина еден беден, опустошен крај. Видов исечени гори и планини, непроодни патишта, ниски куќи обиколени со истурени трла и штали каде што се чува добитокот, испиени и исушени лица на мажи, жени, деца, кои брзаат за да направат нешто за својот опстанок. Тука видов навистина како блиску, сосема блиску стојат смртта и животот, кои се борат еден против друг.

Ама сега, за среќа, тоа е веќе минато. На таа приказна не сакаат да му поверуваат и самите жители. Сега е нова слика. Благодарение на желбата на овие работни луѓе, скоро сите мажи се распрснати низ светот и работат. Се гледа дека заработуваат и го подобруваат животот. Но, за жал, окото на посетителот одма ќе забележи дека убавите куќи и уредените дворови во селата на Преспа стонираат со лошата инфраструктура, со ископаните патишта, со загадените канали, улици, па дури и брегот на Преспанско Езеро, каде што окото не може да види ништо убаво, ниту зграда, ниту викендичка ниту уредена плажа покрај бистрите води. Значи, сѐ што е до раката на самиот селанин, сѐ е уредено и поправено, а сѐ што зависи од грижата на државата е испустено, рушено како и секогаш. Разбрав дека во текот на предизборната кампања за локалните избориво Албанија во Преспа дошле повеќе претставници од разни институции на Република Македонија. Тие, на самото место, пред сите селани на Преспа, ветиле повеќе работи, кои ѝ помогнале на партијата Македонска алијанса за европска интеграција да победи на изборите, да го освои градоначалничкото место како и мнозинство во советничката листа на Советот на општината. До тука добро направиле и треба да се пофалат, ама, за жал, заборавиле на повеќе од ветените работи и никако да се сетат на нив, иако поминаа првото шестмесечје на годината. Јас не сакам тука да ги набројувам едно по едно сите ветувања од нашите емисари, само сакам да ги опоменам да се потсетат на она што рекле и ветиле во Преспа под Албанија и да преземат мерки за нивно реализирање бидејќи овие Македонци тука, во Преспа, чекаат многу од нив и од целата матична држава. Затоа, ова пишување ќе го објавам во весникот „Преспа“ во Албанија и во некој од весниците во Македонија. Со сѐ што е ветено, особено пред овие луѓе што гледаат во Македонија како во своја мајка, во своја татковина, не треба да се игра. А и не мислам дека тоа го мислеле нашите од државата кога ја крстосувале Преспа и ветувале.

Со почит

*Олга Кунгуловска, Скопје*